број 19 | 2020

roma index

## ЕГО ИДЕАЛ

## ВРАЌАЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

## ЧИСТИОТ УМ И ИМАГИНАЦИЈАТА –

ЛОКАЛНА УМЕТНОСТ - СВЕТСКО БОГАТСТВО

КОНТЕКСТУАЛНА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА

## НАЦИОНАЛНА КУЛТУРА & МОРАЛНИ ВРЕДНОСТИ



Рома Индекс е електронски весник на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

Како гласило на Здружението, препознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, наша цел е да го информираме, едуцираме и забавуваме читателот за прашања од секојдневниот живот, поврзани со образованието, младите, ромскиот идентитет и актуелни теми и проблеми со кои се соочува општеството. Да информираме за успешни личности, но и да изградиме индивидуалци кои активно ќе бидат вклучени во процесите на креирање и донесување јавни политики на локално и на национално ниво.

Средствата за електронското списание Рома Индекс, како дел од проектот се обезбедени од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Изнесените мислења и ставови во ова електронско списание не го одразуваат ставот на организацијата и донаторот.

За издавачот:
Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“
- ISSN 2545-4005

Проектен тим на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“:
М-р Кристијан Ангелков, Менаџер
Надир Усеин, Асистент на проектот
Шенас Имер, Административен асистент на проектот
Селика Аљиљи, Заменик Финансиски офицер

Контакт:
Адреса: „11 октомври“ бр.8/1-2, 1000 Скопје
Телефон: 075/269 163
e-mail: office@romaversitas.org.мк

# НОВИНАРСКИ ТИМ:

Одговорен уредник за Рома Индекс бр.19



**ТАЊА КРСТЕВСКА,**
во тек постдимски студии Менаџирање на човечки ресурси-Филозофски факултет-УКИМ- Скопје



**АРИЈЕТА ТАХИРИ,**
трета година на Медицински факултет УКИМ



**АЛМИРА ФАСЉИИ,**
дипломирана новинарка,
моментално вработена во Ромаверизатас



**ДАНИЕЛ ПЕТРОВСКИ**,
Магистранд при Институт
за фолклор “Марко Цепенков“



**ДЕНИС АРСЛАНОВСКИ,** *(и графичка обработка)*
дипломиран граф. инженер,
во тек постдипломски студии за Менаџмент со човечки ресурси

# ИНФО

**автор: Тања Крстевска**

На 13.06.2020 се одржа втората онлајн работилница на тема „Професионална орентација и кариерно планирање" во рамки на проектот на Ромаверзитас – со развој и активизам кон еднаква интеграција и можности, финансиски поддржан од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Швајцарија.

На оваа работилница учествуваа 23 матуранти кои ќе добијат помош за избор на најсоодветна професија и советување за изработка на кариерен план. Се развија насоки кои ќе го одредат фокусот за избирање на занимање. Прашањата кои што произлегоа од оваа работилница се:

- За кои кадри и профили има стратешки најголема потреба и побарувачка кај ромската заедница?
- Дали оваа година стипендиите од МОН, РЕФ и Ромаверзитас ќе бидат насочени кон овие кадри?
- Дали наставничките профили, медицинските кадри (гинеколози), ИТ, дигитализација, електроника, политички науки и правни студии може да бидат дополнително стимулирани со поголеми стипендии (пример, стипендијата за медицинските факултети и кадарот кој што ќе специјализира гинекологија да има стипендија од 3000 евра?
- Во која професија и занимање може најлесно да се најде работа ?
- Која е нивната идеална работна позиција
- Кој е нивниот избор за идеален факултет?

На работилницата се презентираше и објаснуваше за професии и факултети.

*АВАЈА претставува граѓанска иницијатива која има цел да ги артикулира и промовира интересите на граѓаните Роми пред сите засегнати стани.*

Изворот на препораките и политиките кои ги дава #Аваја е гласот на ромската заедница! Аваја практикува највисоко ниво на локална демократија! Во услови на вонредна ситуација и Ковид 19 криза, Аваја дигитално ја организираше Ромската заедница во 15 општини во Република Северна Македонија каде што заедницата ги искажа своите потреби и бараше решенија пред градоначалници и локални институции. Аваја креира колектив од гласот на секоја индивидуа. Со овие дијалози Аваја покажува дека силата е во колективот! Во следниот период #Аваја ќе ги следи барањата на ромската заедница на локално ниво!

#Аваја започна да ги мониторира барањата на ромската заедница кои беа претставени на онлајн дијалозите. Во прилог Ви го претставуваме одговорот од страна на општина Берово преку кои:

- Субвенционирани ќе бидат 12 ромски семејства за плаќање на комуналните услуги
- Водоводната линија во ромското маало ќе биде завршено до крајот на Јули 2020 година, додека уличното осветлување веќе е поставено.
- Според програмата 6.2. за јавно ангажирање, општина Берово има побарано 20 работни позиции.
- Општина Берово ќе продолжи месечно да доделува прехранбени пакети на 15 ромски семејства кои се најзагрозени.
- Општина Берово има аплицирано за грант од ЕУ за креирање на ГУП и ДУП.

romaversitas
north macedonia

# ИНФО

*автор: Тања Крстевска*

## Мрежата за заштита од дискриминација бара да се испитаат случаи на полициска бруталност кон бездомници

На 10 јуни во повеќе медиуми беше објавен прилог во кој граѓани бездомни лица кои живеат во близина на објектот на ПИОМ во Скопје и според својата етничка припадност се Ром(к)и, изјавиле дека биле жртви на насилство од страна на полициски службеници. Настанот се случил за време на „полицискиот час“, кога, според изјавите, дваесетина припадници на интервентната полиција употребиле физичка сила кон сите лица кои се нашле на наведената локација, вклучително кон жени, деца и постари лица кои воопшто не биле инволвирани во случајот. Мрежата за заштита од дискриминација бара утврдување на лична одговорност од секој полициски службеник доколку тој ги пречекорил своите службени овластувања, како и од сите лица кои издале таква наредба.

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

## Студенти на додипломски студии од семејства со ниски приходи ке добијат финансиска поддршка за партиципација или сместување

Владата донесе одлука за студенти кои се запишани за прв пат на прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во земјава, чие образование се финансира од буџетот, а се од семејства со ниски приходи за време на вонредната состојба, да добијат финансиска поддршка за плаќање на дел од партиципацијата за студирање или сместување, приватно или во студентски дом.

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

*АВАЈА претставува граѓанска иницијатива која има цел да ги артикулира и промовира интересите на граѓаните Роми пред сите засегнати стани.*

Грѓанското движење АВАЈА подготви документ со потреби и приоритети на ромската заедница, чија цел е да се вметнат во политичките програми на сите ромски и не-ромски политички партии. Документот се базира на веќе спроведените консултации во 17 општини во февруари и онлајн дијалозите кои беа спроведени со 15 општини во текот на мај и со кој беа опфатени повеќе од 5000 Роми.

Овој документ беше испратен до најголемите политички партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ и до сите ромски политички партии. АВАЈА како иницијатива останува посветена да влијае врз работата на сите институции, но и да застапува јавни политики кои ќе ја подобрат состојбата на ромската заедница во нашата земја.

Истиот документ треба да послужи како патоказ на сите политички партии, идни пратеници и идната Влада, да го слушнат гласот на народот и соодветно да спроведуваат програми, проекти, инвестиции кои ќе го подобрат животот на ромската заедница .

Дадено ветување пред избори мора да резултира со исполнување по изборите. АВАЈА ќе ги следи сите изборни ветувања дадени од политичките елити пред ромската заедница.

Благодарност до сите тим лидери, активисти и ромската заедница која учествуваше во овој процес.

- на 20.06.2020, локалниот тим на #Аваја од Радовиш ја реализираше својата локална иницијатива со вкупен износ од 1000 долари. Тимот на Аваја од Радовиш заедно со ромската заедница одлучија да се поделат 20 пакети во износ од 500 долари а останатите 500 долари да се донираат на семејството од Радовиш чиј дом изгоре во пожар. При реализација на оваа локална иницијатива се почитувани сите превентивни мерки и препораки за заштита од КОВИД-19.

#АвајаЛокално #АвајаРадовиш #АвајаРеализира

# ИНФО

*автор: Тања Крстевска*

Ромаверзитас ги следи ранг листите со запишани ученици по првото пријавување во јунскиот уписен рок за средно образование за учебната 2020/21 година.

На оваа работилница учествуваа 23 матуранти кои ќе добијат помош за избор на најсоодветна професија и советување за изработка на кариерен план. Се развија насоки кои ќе го одредат фокусот за избирање на занимање. Прашањата кои што произлегоа од оваа работилница се:

- Јавните средни училишта во кои се пријавени поголем број ученици со ист број поени, ќе организираат квалификационо тестирање на 22 јуни 2020. Конечните ранг листи со резултатите ќе бидат објавени на 22 јуни 2020 година. Второто пријавување е на 24 и 25 јуни а третото пријавување ќе биде на 29 јуни.
- Ромаверзитас констатира дека има потенцијал условите за УПИСИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА да не се почитуваат. Тоа особено се однесува на условот според кој што учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во одредено јавно средно училиште ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаење и вештини во соодветното училиште.

1. Имено во пријавите за упис оваа година нема опција да се утврди дека кандидатот е припадник на ромската заедница и со тоа да побара ако е потребно користење на оваа позитивна мерка како услов објавен во конкурсот.
2. Ромаверзитас смета дека заради ова, поголемиот дел од ромските ученици може да бидат одбиени при првиот уписен рок во атрактивните школи.

Доколку ова е случа,ј учениците кои што се одбиени може проблемот да го комуницираат во рамките на Контакт Центарот „**РАБОТА ЗА ЗАЕДНИЦАТА**“ на следниот телефонски број **076455422** во кој што ќе се бележат сите пријавени проблеми заради евидентирање и објаснување на проблемот и застапување.

Исто така поради наведената несоодветна пракса ќе Ромаверзитас ќе испрати допис - реакција до јавноста и до Министерство за образование и наука за да се испрати насоки до средните училишта како да постапат во однос на почитување на овој услов и овозможување на фер и еднаков натпревар на сите ученици...

# ИНФО

***автор: Тања Крстевска***

На 20.06.2020 неколку номинирани членови претставници од студентската унија на Ромаверзитас, Суда Дехари студент на Педагошкиот факултет (насока одделенска настава), Аријета Тахири студент на медицински факултет (општа насока), Фатима Сали (студент на Фармацевскиот факултет - насока магистар за фармација), Алмира Фаслии дипломирана новинарка при УКИМ и претставник АЛУМНИ на дипломираните, Нејаз Рушидов средношколец во средно училиште на град Скопје „Боро Петрушевски", претставник на средношколците и координаторот на млади Сирхан Усеин, учествуваа во онлајн дискусија со координаторката за програмата од Ромскиот едукативен фонд, Алмира Реџепи Усеин на тема: „**Програма за стипендирање на РЕФ/ПС и појава на критична маса на Ромите**".

**Модератор на дискусијата беше: Шенас Имер**

Целта на дискусијата беше да се објаснат корисни информации поврзани со апликациите за стипендии и прашања од Студентската унија на Ромаверзитас за активизмот и вклучувањето на студентите Роми во процесите.

Цели на дискусијата беа:

- Да се запознае пошироката јавност со актуелниот повик за стипендии во однос на правила, процедури, рокови и очекувања;
- Да се разговара за тоа како може наведените стипендии да дадат поефикасен резултат во однос на појавата и делувањето на критичната маса на студентите и кои се научените лекции од досегашниот процес на доделување на стипендии кои што може да им помогнат на студентите при сегашниот процес на остварување на овие бенефиции од страна на Ромскиот едукативен фонд.

## Партиски собири во македонските затвори

Група од 50-тина лица од затворот во Идризово се снимени на партиски собир на владејачката СДСМ. Главниот говорник на собирот ветува дека ќе ја поддржат оваа партија, односно дека ќе гласаат против опозициската ВМРО-ДПМНЕ и на тој начин, ќе добијат праведно судење.

Проблематично е што, во време на корона криза, се организира партиски собир во затворите без одржување на потребната дистанца во затворен простор и што воопшто, се организираат партиски активности во затворите.

*„Овие Роми тука што ги гледате се неправедно осудени и затоа бараме правда. Ние ќе гласаме за СДСМ и ќе ги тепаме ВМРО–вџите*", вели главниот оратор на собирот.

Директорот на затворот, Боби Мојсовски, го потврдува овој случај и објаснува дека се пронајдени два мобилни уреди со кои е снимен собирот. Тој ветува дека лицата ќе бидат казнети за поседување на мобилните телефони.

Од друга страна, опозициската ВМРО-ДПМНЕ бара оставка од директорот на затворот Мојсовски.

**Снимките беа пуштени на фејсбук профил на еден од затворениците**

# ИНФО

автор: Тања Крстевска

## Расистички напади кон ромскиот јазик

Граѓанскиот активист Петрит Сарачини, на интернет порталот Фронтлајн, во текст со наслов *„О биџуко расисти“* пишува дека македонската јавност се соочува со сериозен расистички пристап и шеги на сметка на ромскиот јазик, откако техничкиот премиер Оливер Спасовски се обрати на ромски јазик.

*„Нормално, исмевачите не се потрудиле да дознаат дека Спасовски знае добро и ромски, а богами и албански јазик. Растел во такво кумановско маало, се потрудил да ги научи и разбере комшиите. Два месеца поминаа, не стивнуваат расистичките шеѓи на сметка на ромскиот јазик, демек обид да се исмее честитката на Оливер Спасовски. Не само од војската на мвро-вмро, гледам се приклучуваат и доста јаки и гласни „борци за човекови права“*, „космополити“, „интлектуалци“- пишува Сарачини.

Според него, напаѓачите на јазикот, всушност, не знаат ниту да зборуваат ромски јазик и вели дека тие не се исмеваат со Спасовски, туку со ромскиот јазик.

*„Спасовски е тука само спотер на политичка омраза, преку кој го изјавуваат и својот расизам и ксенофобија. Колку и да го кријат, од некаде ќе излезе. Просто е појако од нив“*, поентира Сарачини.

## О биџуко расисти

Два месеца поминаа од честитката на Оливер Спасовски која што ја упати по повод 8 Април-Меѓународниот ден на Ромите на ромски јазик. Од тогаш наваму се прават расистичките шеги на сметка на ромскиот јазик, демек обид да се исмее честитката на Оливер Спасовски. Но исмевачите не се потрудиле да дознаат дека Спасовски знае добро и ромски, а богами и албански јазик. Растел во такво кумановско маало, се потрудил да ги научи и разбере комшиите. Тие што исмеваат не знаат ниту збор ромски, освен пар пцовки. А не се исмеваат со Спасовски, туку со ромскиот, нека е јасно. Спасовски е тука само спотер на политичка омраза, преку кој го изјавуваат и својот расизам и ксенофобија, пишува Петрит Сарачини за Фронтлајн.

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

## Политиката влезе меѓу затворските блокови

Политиката предизборно влезе и меѓу затворските блокови. Скандалозни видеа се појавија на фејсбук-профилот на еден од затвореници во Идризово. Директорот на затворот Боби Мојсовски во телефонски разговор за Канал 5 го потврди случајот. Тој посочи дека е направен претрес и пронајдени се два мобилни телефони со кои е снимано. Исто така кажа дека ќе има санкции за сопствениците на мобилните и, како што го нарече, главниот „оратор“ на собирот.

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

## Кина донира 300 пакети за социјално загрозени граѓани

Министерот без ресор задолжен за имплементација на Стратегијата за Роми, Муафер Бајрам, се сретна со амбасадорот на Кина, Џанг Syo. На средбата беа дискутирани проблемите и предизвиците со кои се соочува ромската заедница, а исто така беа презентирани и идните активности во чии рамки можна е поддршката од оваа пријателска земја. Како резултат на добрата соработка, со финансиска поддршка од Народна Република Кина ќе бидат поделени околу 300 прехранбени пакети во општините Кичево, Битола и Ресен“, соопштија од кабинетот на министерот без ресор.

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

## Пандемијата низ Европа ги самоорганизира(ше) Ромите, националните власти затаија во помошта

Публикацијата „Ромите во кризата со ковид-19“, нуди преглед на низа состојби и мерки кои ги преземаат шест земји-членки на ЕУ од областа на здравството, хуманитарниот аспект, образованието и претприемништвото.

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

# ИНФО

***автор: Тања Крстевска***

*АВАЈА претставува граѓанска иницијатива која има цел да ги артикулира и промовира интересите на граѓаните Роми пред сите засегнати стани.*

На 24.06.2020 локалниот тим на #Аваја од Ѓорче Петров ја реализираше својата локална иницијатива во која се доделилија 53 ваучери од по 1000 денари со кој семејствата ќе можат да купат прехранбени и хигиенски продукти. За спроведување на акција се потрошија 1000 долари. При реализицијата на оваа локална иницијатива се почитувани сите превентивни мерки и препораки за заштита од КОВИД-19. Благодарност до тим лидерот и останатиот дел од тимот кој учествуваше во реализацијата на иницијативата.

#АвајаЛокално #АвајаЃорчеПетров #АвајаРеализира

На 25.06.2020 локалниот тим на #Аваја од Берово ја реализираше својата локална иницијатива во која се доделија ваучери на социјално загрозени семејства да си набават прехранбени и хигиенски продукти во вредност од 900 денари. За спроведување на целата локална иницијатива се потрошија 1000 долари. При реализиција на оваа локална иницијатива се почитувани сите превентивни мерки и препораки за заштита од КОВИД-19.

#АвајаЛокално #АвајаБерово #АвајаРеализира

Бројот 19 овој месец на релација Шуто Оризари-Карпош со логото на #Аваја

#МојотГласТвојаДолжност #MoAvaziTiObligacia

#БидиХерој Гласај Одговорно

На 25.06.2020 година, со почеток од 14:00 часот, се одржа онлине дискусија преку алатката ЗООМ на тема: **„Мотивациона информативна средба со матуранти Роми“**. На дебатата учествуваа успешни алумнисти на Ромавезитас кои го споделија свој пат до врвот на успехот како и неколку универзитетски професори кои споделија насоки за запишување на факултетите со кои располагаат универзитетите. Контекстот на оваа средба е поврзан со уписите во високо образование, кои што следуваат за краток временски период. Целта на дискусијата се одвиваше во насока на мотивирање и информирање на матурантите да го продолжат своето образование и да се запишат во високо образование.



# ИНФО

**_автор: Тања Крстевска_**

*АВАЈА претставува граѓанска иницијатива која има цел да ги артикулира и промовира интересите на граѓаните Роми пред сите засегнати стани.*

Соопштение на #Аваја за продолжување на кампањата „Мојот глас, твоја должност“ беше објавено во 13 портали. Соопштението е достапно на следните линкови:

1. Нова Македонија
2. A1on.mk
3. TV Telma
4. Утрински Весник.мк
5. Faktor.mk
6. 24info.mk
7. МИА.mk
8. Lokalno.mk
9. Стандард.мк
10. Опсервер
11. Marketing365
12. emagazin.mk
13. 24Vakti

#АвајаВоМедиумите #МојотГласТвојаДолжност

*АВАЈА претставува граѓанска иницијатива која има цел да ги артикулира и промовира интересите на граѓаните Роми пред сите засегнати стани.*

Факт картицата од областа социјална заштита која произлегува од документот за потребите и приоритетите на ромската заедница.

Документот е достапен на следниот линк:
https://tinyurl.com/ycplnkcf

- Вклучување на Ромки негувателки во сите останати градови каде што има поголема концентрација на ромски деца и население и унапредување на ромскиот кадар вклучен во градинките на ниво воспитувачи.
- Намалување на бројот на деца на улица и нивно вклучување во редовните форми на образование.
- Преструктуирање на дневните центри и ангажирање на ромски кадар во рамки на дневните центри.
- Вработување на Роми во сите центри на социјална работа каде што живее поголема ромска популација.
- Вработување на лица Роми во регионалните агенции за вработување каде што живее поголема ромска популација.
- Поддршка и развој на програма за работа со лицата коишто немаат свој дом и кои се времено згрижени низ формите на колективното домување.

#АвајаЗастапува #ЗаштитиСе #ГласајОдговорно

Симулација на #Ромалитико кој е дел од #Аваја за распределба на мандати во парламентот според податоци од последните парламентарни избори во 2016 и последните локални избори 2017 година. Исто така овој график ја анализира веројатноста за избирање кандидати Роми во следниот парламент

Во поголема резолуција инфографикот може да го видите на следниот линк:

https://ibb.co/tLhw13v



# ИНФО

*автор: Тања Крстевска*

### Аваја продолжува со кампањата „Мојот глас-твоја должност“

Во пресрет на парламентарните избори, АВАЈА ќе продолжи со кампањата „Мојот Глас – Твоја Должност“ која има за цел да ги застапува интересите и приоритетите на Ромската заедница на парламентарни избори и да ја подигне политичката култура за информиран избор на ромската заедница. Аваја во пресрет на парламентарните избори подготвиле Програма за Роми и во текот на изборите активно ќе го следи целиот изборен процес, при што ќе организираат јавни сослушувања помеѓу кандидатите за пратеници од различните политичките партии за претставување на нивните програми и планови за Ромската заедница за наредните 4 години.

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

### Аваја продолжува со кампањата „Мојот глас-твоја должност“

АВАЈА е граѓанска иницијатива, односно Гласот на Народот, која што пред се работи во интерес на заедницата и нема поврзаност со ниту една политичка партија. АВАЈА ги застапува барањата на Ромската заедница од 17 општини за искористување на нивното право на глас и информиран избор.

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

### Интервју со Сирхан Усеин студенски координатор на Аваја во рамки на Ромаверзитас

Создаваме кауза и лица спремни да носат одлуки во корист на својот народ. Овие генерации коишто поставуваат нови стандарди не служат на некого или не се во нечија функција, туку носат одлуки во корист на својот народ. Тоа се наши кадри кои имаат школо и пракса, искуство и храброст да предизвикаат промени во животот на ромската заедница. Ние ја застапуваме и промовираме и Програмата подготвена во рамките на АВАЈА, која веќе е упатена до сите политички партии и кандидати кои што учествуваат на парламентарните избори. Посебно сме фокусирани на образованието и вработувањето, особено за воведување задолжителен час по ромски јазик во основните училишта и вработување наставници Роми во општините каде што живее ромско население, вели Усеин за интервјуто на Маркетинг 365.

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

### Ќе има ли тројца парламентарци Роми во 2020!

Државата е пред 10-тите по ред парламентарни избори, а први со името Република Северна Македонија. Овие избори, како и претходно многу други, се одржуваат во необични услови. Исто така, овие избори се втор циклус со пржинска влада, откако во 2016 година беше воведена со цел да се одржат фер и транспарентни избори.

ПРОЧИТАЈ ПОВЕЌЕ

# ЕГО ИДЕАЛ

*автор: Аријета Тахири*




**Ако некој Ви постави можност да одберете една меѓу можни три особини: его, суета и достоинство, секако ќе го одберете достоинството... Не е фер некој да Ви понуди да бирате меѓу две лоши и една добра особина на личноста, нели? Меѓутоа, патот во животот којшто ќе го прифатите нема да Ви понуди да одберете само доблести и добри карактерни особини. Животот ни дава и лекции, грешки, искушенија. Како ние ги прифаќаме и реагираме, тоа говори за нашата емотивна зрелост. И тука е долгиот пат којшто не можеме да видиме како завршува. Како да го изградиме нашиот пат (избори во животот) а да ги зачуваме добрите особини и да се изградиме во општестено прифатени личности со идеален карактер?**

Прво да разграничиме со структурата на личноста. Сите имаме **ИД, Его и Супер его**. **ИД е примитивното во нас и служи за задоволување на потребите без одложување**. Слично на бебе кое има потреба само за исполнување на своите биолошки потреби, каде когнитивниот и интелектуалниот развој може да почекаат. **Его е повисока норма од ИД, претставува ЈАС како личност, кога е потребно се обидува да рационализира на некој начин и тежнее да биде „*судијата*" меѓу Ид и Супер Его. Супер егото се совеста и нормите на воспитување**. Рамката по која треба општествено да се однесуваме и е општо прифатено од нашите родители, средината, воспитувањето кое кажува што е „*добро*" и што е „*лошо*". Суетата е гладта за слава и уважување. Но, за тоа ќе говориме малку подоцна. Да се навратиме на егото и да објасниме зошто оди заедно со неговата придружничка „*суетата*"? Проблемот не е во поседување на егото. Да, добро е ако го имаме и треба да го имаме, затоа што ако воопшто го немаме ќе бидеме вечни понизници на другите. Се јавува проблем кога се губи тлото и кога општествено владееме со успеси. Тогаш ја губиме перцепцијата за тоа што навистина е реално околу нас и егото почнува да се преценува. Ни дава емоција на надмоќ, налет дека може да постигнеме се што не е погрешно. Можеби можеме, се е до нашата моќ на размислување. Меѓутоа, Егото мами! Тоа го започнува ланецот на себеволието, преценетоста, бидувањето секогаш во право. Доминантен нарцис!! Секогаш мора да е во право и да одлучува, затоа што тој знае најдобро. Мамката на застојот во личниот интелектуален развој. Понекогаш треба да сте непријател на самите себе и да постапувате против моменталната волја. Не е чудно што суетата е слична на него, како да се потпомагаат. Стравот од „*понижување*" е оружјето на суетата. Да не се понижувате ако прашате или замолите некој да ви покаже како треба да се направи зададената обврска во моментот.

**Суетата** е нешто што не дозволува да прашаме кога не знаеме. Поведени од мислата дека тој некој не може да биде подобар од нас. Дека сме стигнале на оваа позиција затоа што сме заслужиле и нема да се „*понижуваме*" некој да ни кажува кој треба уште многу да учи во животот за да не достигне до нивото кое сме денес. Значи егото е секогаш во право, секогаш знае. Суетата го штити со стравот од понижување. Но, имам впечаток дека меѓу мостот на






нашето воспитување и средината, егото се меша со гордоста, суетата и достоинството. Немаме доволно свест и знаење да ги разграничиме. Сите овие карактерни црти се доживуваат како достоинство.

Достоинственост е она кога веќе почитта не е „*послужена на масата*“. Англичаните користат фраза со која многу добро ја опишуваат ситуацијата “*time to leave the table*”. Ете, тоа е достоинство. Да ја напуштите масата кога почитта не е послужена на масата. Да бидете достоинствени значи да знаете КОГА да заминете и да се почитувате самите себе кога веќе се нарушува вашиот интегритет на личноста и самопочитта. Кога не сте почитувани, омаловажувани, навредувани и вашата вредност како личност е небитна.




**И сега доаѓаме до кулминацијата. Како сите овие состојби се мешаат и постапките ги оправдуваме со картата на „*достоинството*“? Проблемот е генералното непознавање на нашата личност, неприфаќањето на грешките и малото тежнеење да работиме на својот личен развој. Никој не се родил со знаење и не се родил „идеален“. Нормално е да не знаете се, посебно кога сте на почеток на вашето студирање, работа и кога сте во вашите 20-ти години. Тогаш од Вас се очекува многу докажување, емотивно созревање, постигнување на многу успеси и формирање на се што претставува идеално и прифатено од општеството. Во трка сте со времето, иако товарите кои ги носите на вашиот грб Ви ја отежнуваат трката. И затоа е нормално и да не ги препознаете суетата и преголемото его. Тие се разоружуваат со храброста да се биде реален и искрен кон себе си. Признајте си дека не знаете... Никој нема да Ве осуди освен самите себе... Признавањето и храброста да се научи и да се „*плукне*“ вистината во лице пред Вас и пред другите Ви е најдобро оружје за знаење и разликувањето на реалното од тоа што мислите дека другите го гледаат или го мислат за Вас.. Учете, прашувајте и повторно прашувајте додека не научите, додека не се уверите дека добро сте научиле и сфатиле и ако треба да носите одлука, прашувајте, разговарајте со кого е потребно за да се уверите дека одлученото е доволно добро. Не може да е најдобро. Не постои суперлатив во животот. Нешто најдобро, нешто најпаметно. Затоа што кога ќе мислите дека сте ја постигнале најдобрата верзија од себеси, најдобрата одлука, ќе откриете дека можете и подобро. Кога ќе видите нешто најубаво, животот ќе Ви покаже поубави и повредни работи за Вас. Само треба да бидете во постојана потрага за подоброто, попаметното, без штедење, скромни, со здрава самодоверба и проценување на моменталните реални капацитети. Бидете ѕверки за самите себе. За подобра верзија од себе а не да ги задоволите другите, нивните норми или за да го постигнете ИДЕАЛОТ. Затоа што во потрага по идеалот се раѓа злото.**

# ВРАЌАЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

***автор: Алмира Фасљии***

**Уште на почетокот, кога почнав невешто да пливам во длабоките води на активизмот, невладините организации, семинарите, обуките, еден многу мудар човек, ајкула наречен Посејдон ми рече: „*Алмира, таков е животот. Денеска јас ќе ти помогнам, утре ќе станеш најдобра во тоа што го правиш, а веќе задутре ти ќе им помагаш на другите*“.**



Од тогаш минаа 4 години. Секој ден се обидувам колку што е можно повеќе да ги разберам зборовите што ми ги кажа овој мудар човек. И секој ден, откривам нови димензии на нивното значење. Вие што мислите? Што сакаше да ми каже со ова?

Додека размислувате за вашите одговори, дозволете да Ви го кажам моето последно видување на нештата. Имено, кога седнав да зборувам со близок пријател - алумнист, ми кажа дека тоа е меч со две острици и дека најлесно што може да направиме е да се осудуваме едни со други. Особено кога станува збор за дојденците, тие во кои бев и јас пред четири години. Тие во кои бевте и вие пред една или пред 21 година.

Ние луѓето сме формирани и дизајнирани од некоја Виша сила секогаш да се стремиме кон што повисоки цели и достигнувања, да сакаме да излеземе од нашите комфорни зони и да го смениме светот, водејќи се по светски познатата фраза „Доколку сакаш промена, почни сам да се менуваш“. Секако и тука има исклучоци. Мислам на интровертните. Не ме сфаќајте погрешно. И јас сум интроверт, само што моето излегување пред други го доведов до мало совршенство и никој не забележал дека стравот од јавно излегување ми е влезен во коски и никако да излезе од таму. Нека. Можеби така и треба да биде.

**Би сакала малку да се фокусираме на ајкулите наречени Посејдони што долги години владеат со светот на невладиниот сектор**. Сите ние бевме доведени во ситуација кога им се смеевме на дојденците дека изгледаат чудно, не се дружат, не прават мрежи на пријателства, не се запознаваат со останатите, не го кажуваат своето мислење или уште полошо, пасивни се и немаат свое мислење! Помисливме дека ние постарите генерации повеќе правевме за нашиот народ а во дојденците немавме доверба дека можат да направат такво нешто. И така настанаа дипломирани медицинари, политичари, економисти, новинари, социолози Роми. Некои дури имаат и мастер. Тие во еден дел од животот биле дојденци, не знаеле ни зошто се таму каде што се. Но желбата да се проба од непресушниот извор на знаење, да се помогне на заедницата ги доведе каде што се сега. На добро ситуирани позиции каде не прават горди што сме Роми. Но, и тие се довеле во ситуација да немаат доверба во дојденците, исто како и батковците кои немаа доверба во нив кога тие беа дојденци. Можеби си мислат недовербата ќе вроди плод? Како кај нив?

Можеби.

А можеби и не. Јас сум повеќе за оваа варијанта. Тие имале тежок пат пред себе. Каллив, со огромни камења пред себе, со прашина. Со себе имале пенкало и желба за подобро утре. Со солзи, пот, нервози, смеење, среќа и многу, многу љубов ја изградиле таа патека за останатите. Бидејќи многу добро знаеле дека подобро утре се постигнува само со образование. Понекогаш и со грабеж на банка и малку среќа да не те фатат.

Не би сакала да имате впечаток дека сум на едната или на другата страна. Затоа, како што доликува на една дипломирана новинарка, ја прашав и другата страна. Тука не мислам на тие кои штотуку влегле во овие води, туку на тие кои лазат по патеката кои постарите генерации ја оставија за аманет. Бебињата, т.е. дојденците како сакате наречете ги, имаат друго мислење и видување за целата оваа ситуација. Опкружени со социјалните мрежи, паралелниот Универзум кој им е на дофат со само неколку кликови во кој може да бидат се што ќе посакаат, ги одалечуваат од совршената слика како



Луѓето се различни исто како што се различни и прстите на нашите раце. Секој различен и со своја функција, а сепак кога се заедно ги извршуваат сите команди кои ќе ги даде нашиот главен орган. Така пишуваме, јадеме, ги извршуваме сите хигиени поврзани со нашето тело, доживуваме оргазми без присуство на друга личност и моето омилено, понекогаш ги употребуваме да примениме сила кон тие кои се послаби од нас.

би требало да изгледа еден добар активист кој сака да врати во заедницата. Не е дека не сакаат да му помогнат на својот народ или на тие кои им подале рака кога им требаше најмногу, туку не знаат како. За жал и покрај тоа што секој ден ги гледаат постарите генерации како враќаат на заедницата, како се присутни насекаде, чиниш се октопади и нивните дарежливи раце стигнуваат до сите делови на Македонија, тие не знаат како да вратат во заедницата. Пак ќе повторам, не знаат, а не, НЕ САКААТ! Прашањето е како да се смени тоа. Можеби треба да се има поинаков пристап. Тоа што мене ми дава адреналин, вам можеби Ви е здодевно. Тоа што мене ми буди емоции, вам ви е апсурдно и смешно. Исто е и со дојденците.

Можеби треба и на овој начин треба да ги гледаме и дојденците. Секој различен и посебен за себе. Со различни преференции, посебности, желби и таленти. Да се посвети внимание на секој еден од нив за да се извлече најдобро од него. За да може да научи да шета по патеката која ја изградиле постарите генерации. За секој од нас.

Уште на почетокот, кога почнав невешто да пливам во длабоките води на активизмот, невладините организации, семинарите, обуките, еден многу мудар човек, ајкула наречен Посејдон ми рече: „*Алмира, таков е животот. Денеска јас ќе ти помогнам, утре ќе станеш најдобра во тоа што го правиш, а веќе задутре ти ќе им помагаш на другите*“.

# ЧИСТИОТ УМ И ИМАГИНАЦИЈАТА – ЛОКАЛНА УМЕТНОСТ - СВЕТСКО БОГАТСТВО

## КОНТЕКСТУАЛНА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА

***автор: Даниел Петровски***
*Магистранд при Институт за фолклор "Марко Цепенков"*



**Емоциите, чувствата и мислите отсекогаш се искажувале на различен начин, како во минатото така и сега. Сакајќи да ја искажат својата емоција кон општеството, употребата на медиумот „уметност" како средство за споделување на внатрешната експресија претставувала сатисфакција за Шекспир, Пикасо, Моцарт и други уметници. Најчесто, мотивите за уметноста произлегувале од народното живеење и секојдневието на обичниот човек. Со тек на времето, таа локална култура, на пример, кај Англичаните преку драмите на Шекспир, стана колективна и со процесот на романтизмот и класицизмот, стана и национална идентификација. Во овој контекст би го споменал и примерот со сликата на Леонардо да Винчи, кој ја насликал својата бремена сопруга Лиза дел Џокондо по претходна нарачка од некој богат аристократ од Фиренца. Емоцијата и љубовта кон својата жена, пренесена преку маслени бои врз табла од топола во текот 16 век, "Мона Лиза" стана најпознато светско дело во сликарството, но истовремено и национално и светско богатство. Ова го велам во контекст на општествената уметничка творба чие потекло отсекогаш доаѓала од локалните средини. Во минатото, националните општества, како на пример англиското, италијанското, француското и шпанското, културно се развиваа преку уметноста на делата на големите уметници кои во современоста стануваат и светски ликови.**

Состојбата со уметноста кај Ромите, низ историјата бележи неколку значајни уметници кои оставија силен впечаток во европската култура кон крајот на 19 и почетокот на 20 век. Од нив може да ги издвојуваме Чарли Чаплин (филмска уметност, Англија), Џанго Реинхард (музичка уметност, Белгија), Јоакин Кортес (танцова уметност "фламенго"), Пана Цинка (музичар виолинист од Унгарија) и многу други артисти чии што дела имаат висока оцена кај критичарите. Современата уметност кај ромската популација во Северна Македонија, започна да се развива после 40-те години од минатиот век. Формирајќи го КУД "Пхралипе" (мак. Братство), се разви фолклорната дејност а преку неа и уметноста на пишаниот збор. Во оваа рамка, особено би ги истакнал почетниците на современата ромска литература како што се Шабан Иљаз, Дисоран Зекир, Јусуф Сулејман, Азиз Селим, Ибраим Џемаил, Севдија Демирова Абдулова и други.





Драмската уметност започна импулсивно да се развива со формирање на театарот "Пхралипе" чиј режисер беше Рахим Бурхан, човек кој остави длабоки корени во драмската и театарската уметност во поранешна Југославија и во Европа. Неминовно, најголем придонес во развојот на ромската музичка уметност остави примадоната Есма Реџепова, чии дела и музика се вбројуваат меѓу најдобри 50 на светско ниво. Исто така би сакал да го споменам и единствениот Ром диригент во македонската филхармонија Џијан Еминовски кој на импресивен начин ја пренесува не само ромската, туку и светската музика низ концертните сали во Европа. На крајот од редоследот, но не помалку важен, е и уметникот и вајарот Оскар Мамут.

## ПРИМЕР ЗА ПРИМЕР – ЌАЗИМ ДУРМИШ

За жал, мора да се признае дека сепак уметноста кај Ромите во Македонија се уште е на ниско ниво. Овој проблем може да се согледа низ призмата на немање кадровски професионален потенцијал и недоволната промоција на уметниците. Потребна е институционализација на ромската уметност за да стане видлива и надвор од локалното население. Статистички гледано, кадровската подготвеност е минимална а дел од ромските уметници, својот пат успешно го трасираат во европските земји.

Современиот живот на ромската заедница, многупати, е отсликан преку перото и замислата на сликарот Ќазим Дурмиш, уметник од Македонија, кој својот пат го продолжи во Белгија. Дипломирал во Скопје 2011 година на факултетот за ликовни уметности. Неговата имагинација креирана од мотивите на ромското секојдневие ја претставил на неколку пати, организирајќи самостојни изложби во Скопје и во Брисел. Учествувал на многу копродукциски проекти каде неговите дела биле претставени пред европската публика во Тирана, Брисел, Лесковац, Милано. Интересно е тоа што Дурмиш Ќ. можеби е и единствениот Ром чија што уметничка рака директно учествувала во креацијата на еден споменик во рамките на проектот Скопје 2014. Освен со сликарството, Ќазим Дурмиш омилено уметничко изразување му е и вајарството а од таа област може да се пофали со многу создадени дела, меѓу кои и ликот на Есма Реџепова,



скулптура поставена во нејзиниот музеј. Според него, потенцијал за уметност има кај ромската заедница бидејќи знае да го искаже својот став на уметнички начин. За списанието РОМА ИНДЕКС вели дека патот до успехот е тежок но упорноста на уметникот, а со тоа и исполнување на сопствената внатрешност, секогаш се исплаќа.

„Кодовите и знаците кој уметникот ги пренесува преку своето дело често се препознаени од страна на ромската публика, било да се тоа апстрактни имагинации или кодови кои имаат хумор или сатира. Ромската заедница знае и поддржува уметност, но потребна е поголема институционална поддршка за целовит развој“ – *вели Ќазим Дурмиш.*

## КАДРОВСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ V.S. ИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА

Во изминатите три години (2016, 2017, 2018) од сите дипломирани 71 студенти Роми, само 4 завршија факултет кој има уметнички дискурс. Интересен е и податокот дека, во академската 2018/19, од вкупно запишани 70 студенти во прва година на студии само двајца студираат уметничка насока (музичка академија). Од податоците може да се види дека интересот за запишување и студирање на уметничките насоки е сведен на минимални нумерации кои даваат основа за понатамошно истражување на состојбата преку други дисциплини.

Здружението “Ромаверзитас“ во последните неколку години активно дава поддршка на ромските средношколци и студенти без разлика на нивниот профил на студирање. Од таму велат дека преокупацијата на општеството со проблемите од секојдневието го делегираат патот и при профилирањето на студиите и преку тоа да се изнајде побрз начин кој ќе обезбеди финансиска стабилност и иднина кај самите студенти и нивните семејства.





“Мал е бројот кои учат и студираат во уметничките насоки. Лица кои се талентирани за уметноста, студираат или учат сосема друго, а нивниот талент ко интерпретираат како хоби но не и како професија. Имаат страв дали ќе имаат сигурна иднина во уметноста, дали би се вработиле на областа со која ќе се стекнат со називот на дипломирањето.“ *вели Шенас Имер, административен асистент во Ромаверзитас.*

Институционализација на ромската уметност во Северна Македонија, се уште, е тема во неформалните разговори меѓу државните институции а најмногу разговарано за време на кампањите на политичките партии за да се добие глас повеќе од ромската заедница. Но, исто така мора да се признае дека и интересот на меѓународната заедница (ЕУ и НВО), вклучувајќи ги стратегиите за инклузија на Ромите на европско ниво, не ја прокламираат идејата за културна и уметничка еманципација на Ромите, секогаш бележејќи го тој приоритет како незначаен и помалку битен за севкупна интеграција во општеството.

Реализација на ромската култура и уметност во Северна Македонија, финансиски е поддржана од страна на Министерството за култура преку минимални проекти кои не можат да ја задоволат авторската компетенција а уште помалку за реализација и промоција на делата.

Ќе се најде ли можност и модел за инклузијата на ромската уметност во институционализирана форма? Ќе се овозможи ли делото на ромскиот уметник да биде национално богатство како „Ромео и Јулија“ на Шекспир во Англија или „Мона Лиза“ на “Леоданрдо да Винчи“ во Италија и Франција? Ова се сериозни прашања кои одат во насока на градење на колективен идентитет неопходен за зачувување на свеста за битието на ромската заедница.

# НАЦИОНАЛНА КУЛТУРА & МОРАЛНИ ВРЕДНОСТИ
## - ГИ КРЕИРАМЕ НИЕ?
## - ИЛИ ТИЕ НÈ КРЕИРА НАС?

***автор: Денис Арслановски***
*студент на постдипломски студии*
*за Менаџмент на човечки ресурси*

*Во текот на студиите имав прилика да увидам колку значајно место имаат **културните вредности** при водењето на една организација. Па, се запрашав штом менаџментот го увидел значењто и сериозно го проучува ова прашање, зошто имам чувство дека нашите општествени лидери го запоставиле. Во овој артикл се решив да Ве поштедам од дефиниции, иако сметам дека тоа би придонело за подобро разбирање на ова четиво.. но, во интерес на просторот и вашето внимание ќе поставам само линкови каде читателот ќе има избор сам да ги прошири видиците за термините кои ќе ги споменам во ова четиво.*

Културата на едно општеството се огледува по начинот на кој неговите граѓани ги третираат: животните (како попримитивни форми на живот), јавната сопственост и јавната хигиена, како и однесувањето во сообраќајот. Со што можеме да се пофалиме ние? Веројатно ќе има поделени мислења.. Нема да дадам своја оцена, тоа ќе го оставам на секој читател и при тоа ќе ве замолам да се запрашате каква е вашата улога во овие три - четири ситуации.

Велат делото се раѓа од зборот, а зборовите од мислите... И навистина, секое дело е зародиш од мисла на поединецот кој има изградено сопствени ставови, вредности и морални норми за повеќето прашања во животот.. Колку поблагородни мисли и повисоки морални норми гаи една личност - толку поблагородни ќе се нејзите зборови т.е. дела. Така се формира и културата во која живееме. **Личните ставови, моралните норми и вредности на секоја личност која живее во ова општество ја креираат националната култура, а во потесен аспект културата на заедицата т.е. заедниците на кои личноста им припаѓа.**

Така, кога ќе се жалиме на нечиј недостаток на култура, добро е да се запрашаме колкаво е нашето ниво на култура по тоа прашање, бидејќи додека со еден прст покажуваме кон некого – останатите четири се вперени кон нас. Тоа не значи да ги премолчуваме туѓите прекршоци, но, добро е да извлечеме поука од нив: да внимаваме да не ги повторуваме, ако можеме да дадеме конструктивна критика и притоа да имаме на ум дека никој не е совршен и постојат надворешни фактори кои влијаат на човековите одлуки и дела. Конструктивната критика, опомената и советот се многу поделотворни методи од казната и укорот. Како најделотворна мерка се покажал позитивниот личен пример. ***Затоа да бидеме промената која сакаме да ја видиме во светот*** - како што советувал и мудриот Махатма Ганди.




И менаџменот како мултидисциплинарна наука одамна го препознал влијанието кое моралните вредности на индивидуата, културни димензии и меѓучовечки односи го имаат врз човековото битисување. Затоа истражувачите создале системи со кои можат да ги измерат културните димензии на националните култури. Вредностите на димензиите се квалитативни, не се скалести. Овие мерки им користат на менаџерите при планирањето и организирањето во организациите. Хофстеде (Geert Hofstede) и Барет (Barrett Values Centre) креирале свои системи за мерење на димензиите на националните култури. Македонскиот автор Виктор Куновски има издадено книга 'Дијамантско лидерство' базирана на мерењето на националната култура според системот на Барет. Каде дава осврт на културните димензии на нашата култура, како да се подобрат истите, и како тоа ќе влијае не само на општествената атмосфера, туку и на економијата, како и фунционирањето на државниот систем.

Графички ќе ви прикажам резултати од мењерето на националните димензии за нашата земја, според методот на Хофстеде. Кој детерминира ***6 димензии на националните култрури***, според кои се дефинираат истите. За споредба се прикажани и графици од културните димензии на Македонија, Канада, Албанија и Норвешка. Каде е илустрирана разликата во димензиите на нашата култура и далечните култури и сличостите со културните димензии со соседна Албанија.




Многу високите вредности на ***Дистанца на моќта*** говори дека склони сме на висока хиерархија и се потчинуваме на моќта. Не еднаквоста на моќта во иста мера ја одобруваат и следачите и лидерите. Тоа можеби говори зошто секој политичар кога ќе стапи на фунцкија – преминува на "другата" страна.. Бидејќи 9 од 10 граѓани на нашата држава би го сториле истото – ја одобруваат и би ја искористиле предноста во моќта во однос на останатите граѓани.

Ниската вредност на ***Индивидуализам*** наспроти ***Колективизам*** илустрира дека ние како нација (својствено за посиромашните земји) сме склони кон колективизам и во знак на лојаност водиме поголема меѓусебна грижа и имаме тенденција да припаѓаме.

Македонија за димензијата ***Доглорочна*** наспроти ***краткорочна ориентацција*** покажува прагматични резултати за една нормативната култура. Тоа кажува дека лесно ги прилагодуваме традициите на променетите услови, имаме силна склоност за заштеда и инвестирање, како и упорност и мотивација за постигнување на резултати.

Високите вредности на оваа четврта културна димензија ***Избегнување неизвеснот*** илустрираат дека ние како нација не прифаќаме промени, плашливи сме и не прифаќаме ризик. Затоа постои емоционална потреба од строги правила, закони, политики и регулативи.

Речиси средната вредност на димензијата ***Мажественост*** наспртои ***Женственост*** - говори дека скоро исто ги вреднуваме меѓусебната грижа и квалитетот на животот од една и успехот, парите и добрата од друга страна.

Ниската оценка од последната оваа димензија ***Угодување*** покажува дека имаме култура на воздржаност. Воздржаните друштва имаат тенденција кон цинизам и песимизам. Исто така, тие не ставаат многу акцент на слободното време и го контролираат задоволството на нивните желби. Луѓето имаат перцепција дека нивните постапки се ограничени со социјалните норми и сметаат дека препуштањето на самите себе е нешто погрешно.

Сите се согласуваат дека културните и моралните вредности се во постојан пад во последниве децении. Каде може да се бара причината за тоа? Политичарите? Медиумите? Националната култура? Во нас самите?







Очигледна е девалвацијата на вредностите меѓу најкрупните играчи во политиката и општеството – кои не бираат мерки во своите битни за тронот. Политичките лидери диктираат (директно и индиректно) негативни трендови на пад на моралните вредности. Тие едно зборуваат, но нивните дела друго кажуваат. Сетете се колку политичари биле вмешани во корупциски скандали каде се обвинуваат за проневера на милиони евра.. Потоа верувајте им на изјавите и ветувањата за подобар живот и повисоки стандарди...

Медиумите им служат верно на политичките партии, како пропагатори на нивниот популизам и меѓу партиски битни, притоа скоро воопшто не грижејќи се квалитетот на останатите содржини кои ги емитуваат. Бомбардирани сме со евтини продукции (мелодрамични сапуници, "талент шоуа", реалити шоуа, евтини филмови). Кај нас ссекој може да отвори веб-портал (како дооел) и да работи како медиум. Тоа им дава можност да работат без обрска да вработат професионален новинар, лектор, уредник или одговорност за релевантноста на содржините. Дали оваа културна девалвација е со намерна цел? Во чиј прилог оди оваа масовна зашеметеност со ниски вредности!? Ова и тоа како влијае на културните вредности со кои сме опкружени.

Ниските културни вредости и моралните норми, се никулецот за појавата на високо ниво на корупција во нашата држава. Тоа се рефлектира на работата на правниот систем, здравството, управувањето со државните пари... Кај приватните бизниси се јавува нелојална конкурентност. Мерењата на многу агенции нè листаат на врвот на листата за корпутивност во Европа. Во извештаите од Совет на Европа и други фактори постојано се потенцира штетноста од многу високите нивоа на корупција во нашето општество. И главни препораки им се да работиме на намалување... Но, како? Кога и правниот систем не е имун, а носачите на одлуки (пратеници, министри, директори) се изворот на заразата?




Целата оваа ситуација (падот на моралните вредности и културната девалвација) на граѓаните им даваат чувство на немоќ, губат верба во системот, се јавуваат демортивираност, летаргија и безнадежност. Почнуваат да ги преиспитуваат сопствените ставови и вредности, некои одлучуваат дека не можат да го победат "систем" – и стануваат дел од таа култура на низок морал. Други решиле да ги напуштат родните огништа и се одселуваатт во култури кои ги сметаат за поблиски на нивните вредности. Штетите и од двете одлуки се големи – едните го хранат "чудовиштето" што нè јаде, а другите (најчесто млади и квалификувани) трајно ги губиме како општествен, економски и социјален ресурс.

Алчноста, себичноста, егоцентричноста водат кон девалвација на личностите (кои се основно градиво на националните култури). Тоа се основните причини за носењето на многу штетни одлуки кои со векови на назад ги носеле државници и лидери на компании, при тоа не гледајќи долгорочно на последиците врз човековата и животната околината. Последната реченица во филмот Адвокатото на ѓаволот вели: суета – дефинитиво мојот омилен грев. И денес високата стапка на корумпираност меѓу политичарите (и во светски рамки) ги заглушува алармите на науката која аплеира дека ја сечиме гранката на која седиме со тоа што продолжуваме да ги црпиме и уништуваме природните ресурси и битија. Повторно се враќаме на почетокот – нечиј еродиран морален систем е вратата преку која се случуваат правни и етички прекршувања, што мултиплицирано и на долг рок води кон пад на националните култури. Дали националната култура нѐ обликува како личности!? Или ние ја креираме таа култура!? Да се потесетиме на резултатите од мерењата на нашата национална култура според Хофстеде системот - кои покажаа дека сме плашливи, не прифаќаме ризици и промени (*димензија Избегнување неизвесност*), но од друга страна скоро секој од нас (9 од 10 граѓани) би ја злоупотребил евентуалната моќ која би ја поседувал (*димензија Дистанца на моќта*) – токму како што прават многу наши политичари и функционери...






Треба да сме свесни дека имаме избор, а нашите сегашни (мисли и ставови) акции и дела ќе ја дефинираат иднината на нашата држава. Сакаме да живееме во подобра земја!? Зошто уште веднаш да не се однесуваме така, придржувајќи се до високите морални стандарди кои ги очекуваме од другите. Сите сакаме да бидеме третирани со почит и достоинство, прашање е дали овие очекувања важат и во нашиот однос спрема другите? Дали сите луѓе ги третираме еднакво, без оглед на нивните социјални и културни разлики? Дали ќе ја злоупотребиме можноста, кога сме во позиција на моќ? Дали сме нашата најдобра верзија?

Ромаверзитас започна во август 2001 година како модел на неформално образование, наменет за студенти Роми кои студираат на додипломски студии во универзитетите во Република Македонија. Ромаверзитас од програма на Фондација Отворено општество - Македонија (ФООМ) премина во Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ од Август 2015 година, финансиран од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Визија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“

РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која е препознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, кои ја застапуваат ромската заедница и се активно вклучени во процесите на креирање и донесување на јавни политики на локално и национално ниво.

Мисија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“

РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која активно работи за зајакнување на личните и академските капацитети на средношколците, студентите и младите Роми во Република Македонија, преку обезбедување на академска и неформална поддршка, како и поддршка за личен развој.

Цели на проектот „Ромаверзитас - со поддршка и развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“:

- Да се зголеми вклученоста и квалитетот во вклучувањето на матурантите Роми на додипломски студии во универзитетите во Република Македонија;

- Да се поддржат студентите Роми на додипломски студии во одржливоста на нивните студии, нивниот премин во следен семестар, нивните академски постигнувања и нивното навремено дипломирање;

- Да се поддржи личниот и професионалениот развој на студентите Роми на додипломски и постдипломски студии, и РОМАВЕРЗИТАС Алумни;

- Да се потикне и поддржи формирање на мрежа на млади Роми, како и нивно учество и активизам во сферата на високото образование;

- Да се потикне и поддржи зајанувањето на ромскиот идентитет на корисниците на проектот.

Средствата за електронското списание Рома Индекс, како дел од проектот, се обезбедени од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

romaversitas
north macedonia

ROMA
EDUCATION
FUND

Изнесените мислења и ставови во ова електронско списание
не го одразуваат ставот на организацијата и донаторот.
© Здружение на граѓани РОМАВЕРЗИТАС Македонија, 2020